**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ЈУЛИ 2007 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Во текот на јули 2007 година Царинската управа изврши прилагодување на софтверот за евиденција на банкарските гаранции и изврши салдирање на сите гаранции кои ги обезбедуваат учесниците во постапките со економски ефект, согласно измените и дополнувањата на Упатството за царински долг. Исто така, воведен е систем за следење на гаранциите, односно нивното задолжување и раздолжување.

На 18 јули 2007 година Царинската управа објави конкурс за вработување на 92 царински службеници, со цел обезбедување оперативност поради големиот број суспендирани и отпуштени царински службеници (во законски спроведени дисциплински, истражни и судски постапки) и набавката на рентгенски скенери за камиони и контејнери. Со новите вработувања ќе биде зајакнат капацитетот на Царинската управа за спроведување на царинското законодавство.

Во јули 2007 година наплатени се 3.372 милиони денари (околу 54,83 милиони евра), на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 435 милиони денари (околу 7,07 милиони евра) на име царина и други царински давачки, а 2.843 милиони денари (околу 46,23 милиони евра) на име ДДВ и 94 милиони денари (околу 1,53 милиони евра) на име акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 9%.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во јули 2007 година Царинската управа преку Одделението за обуки учествуваше во организација на следниве обуки, работни средби и презентации:

- Одделението за обуки во соработка со Секторот за царински систем организираше презентација на тема „ЦЕФТА 2006 – Кумулација на потекло“ која се одржа на 05.07.2007 година во Царинската управа на РМ;
- Во соработка со КАФАО МАК одржани се 5 презентации за „Креирање на циклус за Стратешко и годишно планирање на ЦУРМ“ во секоја царинарница;
- Во соработка со Амбасадата на САД во Воента Академија во Скопје од 17 до. – 19.07. 2007 година одржана е обука за „Откривање на радиоактивност и давање соодветен одговор“.

Во истиот период, 5 царински службеници учествуваа на семинари и обуки одржани во странство, како дел од меѓународни проекти и соработка со меѓународни институции и агенции. Овие царински службеници учествуваа на:

- Обука за спроведување на Твининг проектот КАРДС - Борба против криминал поврзан со дрога во Унгарија од 24.06. –до 01.07.2007 година;
- Во рамките на ЕУ Пилот Проект организиран од Федералната канцеларија за економија и извозна контрола БАФА, од 02–04.07.2007 година во Ешборн, Германија на Семинар за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна уптреба учествуваа 2 претставници од Царинаката управа на РМ;
- Семинар за примена на Договорот ЦЕФТА 2006, во Белград, Србија од 22-24.07.2007 година.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во јули 2007 година, Царинската управа реализираше 15 внатрешни истраги во своите организациони единици. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации, а за спроведените истраги се изготвени 8 информации, 2 службени белешки и 5 службени информации[1].

Во истиот период завршени се 5 дисциплински постапки против царински службеници, од кои во сите 5 случаи на царинските службеници им е изречена мерка престанок на работен однос во Царинската управа.

## 4. Транспарентност

Од отворена царинска линија (197) во јули 2007 година се примени вкупно 6.107 повици или во просек 197 повици на ден, од кои:

- 6 повици А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по истите се превземени активности;
- 10 повици Б класа (информации кои бараaат понатамошни испитувања од други организациони единици на Царинската управа) и истите се проследени до Оддлението за разузнавање и до мобилните тимови;
- 18 повици Ј класа (информации проследени до Секторот за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници).

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 03.07.2007 година, на граничнот премин Богородица (на македонско-грчка граница) на влез во Република Македонија, царинските работници спречија обид за нелагално внесување односно транзит кон Србија на 175 штеки (35.000 парчиња) цигари марка Memphis**.** При детален преглед на патничко моторно возило од страна на царинските работници пронајдени се 175 штеки цигари Memphis сокриени во резервната гума, под седиштето, во вратите и во моторот на возилото.

---

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одреби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

На 03.07.2007 година царинските работници при царинска контрола на товарно моторно возило натоварено со стока и пријавено за увозно царинење на терминалот во ЦИ Штип, покрај пријавената стока, открија и привремено задржаа 11 парчиња различни непријавени машини, и тоа: 3 парчиња моторни пили за ограда, 2 парчиња бормашини (хилти), 1 парче моторна пила за дрва, 1 парче циркулар, 1 парче брусилка, 1 парче косилица за трева рачна, 1 парче рачна машина за шиење и 1 парче мини мотоцикл.

На 05.07.2007 година, во непосредна близина на граничниот премин Стење (на македонско-албанска граница) при спроведена царинска контрола од страна Одделението за оперативни работи (мобилни тимови) при Царинската управа на патничко моторно возило кое се движело од граничниот премин кон Ресен, пронајдена е и задржана стока од трговски карактер за која патниците во возилото не поседувале документи и тоа: 612 парчиња шампон за коса, 36 парчиња балсам за коса, 84 парчиња гел за коса, 1.056 парчиња сапун, 48 парчиња пасти за заби, 24 парчиња пена за бричење, 48 пакувања чепкалки за уши, 444 парчиња хигиенски влошки, 38 парчиња средства за чистење на стакло, 576 парчиња нес кафе во лименка, 125 парчиња маслиново масло, 1.536 парчиња гуми за џвакање.

На 05.07.2007 година при царинска контрола на автобус при влез во Република Македонија на граничниот премин Ќафасан (на македонско-албанска граница), царинските работници во вратата на автобусот од страната на возачот, пронајдоа сокриени и непријавени вкупно 700 парчиња капки за очи**,** и тоа: 487 парчиња капки за очи од 5 ml тип Maxidex и 213 парчиња капки за очи од 5 ml тип Maxitrol.

Во јули 2007 година мобилните тимови на Царинската управа продолжија со интензивни активности и извршија контроли на вкупно 1.153 возила, од кои 456 камиони, 59 автобуси и 638 патнички возила на повеќе гранични премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, текстил, странски средства за плаќање, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

При редовни контроли на превозни средства, стока и патници на граничните премини и во внатрешните царински испостави, царинските службеници во јули открија повеќе обиди за недозволен пренос на стока, и притоа запленија:

- 208.080 парчиња цигари,
- 78 литри алкохол,
- 18.450 парчиња текстил,
- 5.846 пара обувки,
- 3.090 парчиња различни козметички производи,
- 2.374 парчиња сламени шешири,
- 3.824 парчиња бижутерија (гердани и нараквици),
- 330 грама сребрен накит,
- 1.322 парчиња ранци и торби,
- 837 парчиња ремени,
- 5.020 парчиња дијаболи
- 582 парчиња ѕидни часовници,
- 115 парчиња чадори за сонце,
- 624 парчиња столни и собни ламби,
- 36 парчиња мебел (комода, столови, теписи и сл.),
- 668 парчиња кујнски садови (шољи за кафе, чаши, послужавници и сл.),
- 34 парчиња електрични апарати и прибор (шпорети, телевизори, преси и четки за коса и сл.),

- 1.861 парчиња рачен алат и делови (брусилки, убодни пили, компресори, брусен камен и сл.),
- 50 водни пумпи,
- 13 дупли седишта за автобус и 1 единично седиште за автобус,
- 25 умивалници,
- 68 половни гуми и 4 бандажи,
- 2 моторцикли на 4 тркала со зафатнина од 50 и 110 кубни сантиметри,
- 858 парчиња делови за мобилни телефони,
- 6.144 парчиња батерии,
- 455 привезоци,
- 1.246 канти бои со вкупна тежина од 6.607 кг и 21 канта катализатор од 1 литар,
- 11 вреќи кикирики (220 кг),
- 1.200 кеси од 20 гр прашок за прелив-овошен напиток,
- 13 литри овошен прелив за сладолед,
- странски средства за плаќање во износ од 22.400 евра.

Во јули 2007 година донесени се 66 решенија за дополнителна наплата на царински долг и врз таа основа наплатени се дополнително 4,11 милиони денари (околу 66,9 илјади евра).

При спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост во јули 2007 година се откриени 22 случаи на обиди за повреда на право од интелектуална сопственост, со следната структура на фалсификувани производи:
- 483 пара тренерки долен дел, 1.224 пара патики, 1.308 пара чорапи, 18 парчиња маици, 421 парчиња шорцеви, 444 парчиња бермуди и 80 парчиња капи со лого на трговската марка ADIDAS,
- 188 парчиња маици, 600 пара чорапи, 320 парчиња блузи, 365 парчиња шорцеви, 108 парчиња долни тренерки, 975 парчиња рачни часовници и 840 пара патики со лого на трговската марка PUMA,
- 25 парчиња маици, 65 парчиња хеланки, 104 парчиња бермуди и 5 парчиња шорцеви со лого на трговската марка REEBOK,
- 48 пара патики, 24 парчиња маици, 1.320 пара чорапи, 310 пара шорцеви, 138 пара бермуди, 250 парчиња рачни часовници, 34 парчиња капи и 68 парчиња блузи со кратки ракави со лого на трговската марка NIKE,
- 828 парчиња маици со лого на трговската марка CONVERSE,
- 407 парчиња маици, 105 пара фармерки и 25 пара кошули со лого на трговската марка ARMANI,
- 166 парчиња фармерки, 128 пара патики, 230 парчиња маици, 68 парчиња кошули и 564 пара чорапи со лого на трговската марка LACOSTE,
- 166 парчиња фармерки, 182 парчиња кошули, 269 парчиња маици, 292 парчиња бермуди, 9 парчиња кратки панталони, 276 пара чорапи, 90 парчиња чанти, 80 парчиња ремени и 49 парчиња долен веш со лого на трговската марка DOLCE&GABBANA,
- 140 парчиња кошули со лого на трговската марка GUCCI,
- 61 парчиња маици и 7 парчиња ремени со лого на трговската марка VERSACE,
- 52 парчиња маици и 56 парчиња кошули со лого на трговската марка TOMMY HILFIGER,
- 176 парчиња долен веш со лого на трговската марка BOSS,
- 206 парчиња фармерки, 259 парчиња маици, 192 пара чорапи, 22 парчиња кошули, 16 парчиња кратки панталони, 920 парчиња рачни часовници, 8 парчиња блузи, 43 парчиња бермуди и 36 парчиња долен веш со лого на трговската марка DIESEL,
- 3.580 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка RAY BAN,
- 790 парчиња полначи за мобилни телефони со лого на трговската марка SONY ERICSSON,

- 390 парчиња полначи за мобилни телефони со лого на трговската марка MOTOROLA,
- 490 парчиња полначи, 9 адаптери и 10 маски за мобилни телефони со лого на трговската марка NOKIA,
- 60 парчиња торбици за камера и 60 парчиња торбици за фотоапарат со лого на трговска марка CANON,
- 120 парчиња торбици за фотоапарат со лого на трговска марка SONY,
- 85 парчиња рачки за менувач, 30 парчиња метални знаци за хауба и 8 парчиња капи со лого на трговска марка MERCEDES.

Што се однесува до барањата за превземање на царински дејствија согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост во јули 2007 година се прифатени 2 нови барања за превземање на царински дејствија за трговските марки PARTNER и TOM TAYLOR.

На 06.07.2007 година на полигонот во атарот на општина Кичево, согласно одредбите од Законот за заштита и спасување и Царинскиот закон, Дирекцијата за заштита и спасување при Владата на Република Македонија и Комисијата за ништење на стока при Царинска управа на Република Македонија спроведоа уништување на гранати и експлозивна муниција со следните карактеристики: 30 парчиња гранати VOG 17 калибар 30 мм и 30 парчиња гранати VOG 25 калибар 40 мм. Гранатите и експлозивната муниција беа одземени во 2005 година од страна на Царинската управа на Република Македонија по рок на лежење. Предметната стока беше уништена под царински надзор и транспарентно, во присуство на претставници од Дирекцијата за заштита и спасување, Комисијата за ништење на стока при Царинска управа на Република Македонија, претставници на полицијата, противпожарната служба, медицински персонал и медиумите.

На 10.07.2007 година, Царинската управа на Република Македонија постапувајќи согласно одредбите од Царинскиот закон на депонијата Дрисла спроведе уништување со гмечење на вкупно 5.085 штеки цигари (1.017.000 парчиња) и 100 парчиња пури, како и уништување со гмечење и кршење на 1.400 кг алкохолни пијалоци.

На 16.07.2007 година, во печките на Силмак, с.Јегуновце Тетово, Царинската управа на Република Македонија спроведе уништување на вкупно 92.484 парчиња запленети обувки, облека (текстилни производи), опрема за мобилни телефони и очила кои по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, се потврди дека се фалсификат и претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Предметната стока која беше уништена се состои од:
- 8.432 парчиња обувки од трговските марки: ADIDAS, PUMA и NIKE
- 76.883 парчиња облека (текстилни производи) од трговските марки: ADIDAS, NIKE, PUMA и DOLCE&GABBANA
- 3.298 парчиња опрема за мобилни телефони од трговските марки: NOKIA и SONY ERICSSON
- 3.612 парчиња наочари од трговските марки: DIESEL, VERSACE, CHANEL, DIOR, GUCCI и DOLCE&GABBANA,
- 185 фудбалски топки и 40 парчиња фудбалски ракавици од трговските марки ADIDAS и PUMA,
- 16 парчиња акт ташни и 18 парчиња ранци од трговската марка SAMSONITE.

На 24.07.2007 година, на депонијата Дрисла**,** Комисијата за уништување на стока формирана при Царинската управа на Република Македонија, спроведе уништување на стока, која е без комерцијална вредност, како и стока со изминат рок на употреба која подолго време била чувана во магацинот во несоодветни услови. Се работи за стока со

бруто тежина од околу 1.000 килограми, која е одземана по рок на лежење и отстапувана во корист на државата, во периодот 1998 – 2007 година. Стоката која беше уништена се состои од вкупно 37 евидентни броеви, со следната содржина: околу 300 кг безалкохолни пијалоци, 100 кг козметика, 80 кг чоколади, 30 кг мастики за џвакање, 15 кг натрен таблети и течност, 10 кг помошни лековити средства, 7 кг чај, 4 кг какао во прав, 2 кг разни семиња, филмови за фотоапарати, патики мостри, теписи мостри, батерии, тоалетни производи и сл.

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, изготвени се 99 записници за сторен царински прекршок, а од МВР се примени 49 пријави за царински прекршок. Врз основа на записниците и пријавите во јули поднесени се 148 барање за поведување на прекршочна постапка и 6 за кривична постапка.

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

На 05.07.2007 година, Директорот на Царинската управа и Потпретседателот за корпоративни работи во Japan Tobacco International, потпишаа Меморандум за разбирање помеѓу Царинска управа на Република Македонија и Japan Tobacco International. Основна цел за склучување на Меморандумот е промовирање на соработка помеѓу владините иституции и тутунската индустрија со цел заедничко и конструктивно делување во справувањето со нелегалната трговија со производи од тутун, поконкретно соработка во делот заштита на легалната трговија со производите од тутун, спречување на криумчарењето на оригинални производи од тутун, спречување на нелегалното производство, трговија и дистрибуција на фалсификувани производи од тутун итн. Меморандумот важи една година од датумот на потпишување, со можност на обнова со взаемна согласност на двете страни. Практичната имплементација на овој Меморандум за разбирање ќе придонесе во зголемување на капацитетот на Царинската управа на Република Македонија во борбата против нелегалниот бизнис со цигари.

На ден 12.07.2007 година Директорот на Царинската управа и извршниот директор во Inner Circle Logistics, Inc.од САД, потпишаа Договор за техничка помош за олеснување на прекугранична трговија и воспоставување на пилот проект во Република Македонија. Договорот е склучен во рамките на практичната реализацијата на Грантот во износ од 549.000 долари, финансиран од Агенцијата на САД за трговија и развој, доделен на Царинската управа за реализација на регионалниот пилот проект за олеснување на прекуграничната трговија, потпишан на 29 мај 2007 година во Скопје. Согласно потпишаниот Договор, техничката помош е наменета за воспоставување на Пилот проект за создавање на единствен регионален информатички систем за царинските служби на Македонија, Србија и Бугарија, за размена на информации за олеснето движење на стока преку одредени гранични премини. Во Пилот проектот се предвидува учество на мали и средни претпријатија, стопански комори и други надлежни служби кои се присутни на граничните премини на државите кои се учеснички во проектот. По завршувањето на Пилот проектот, врз основа на постигнатите анализи и резултати, ќе биде подготвено предлог техничко решение и препораки за воведување на регионален информатички ситем за олеснување на постапките со стокови пратки на граничните премини. Системот ќе овозможи побрзо обезбедување на потребните информации преку границите, со цел да се поедностават постапките и намали времето кое е неопходно потребно за вршење на граничните формалности.

На 16.07.2007 година, генералниот директор на Царинскиот директорат на Република Словачка, г-ѓа Елеонора Крочианова (Mrs. Eleonóra Kročianová) и Директорот на

Царинската управа, г-н Ванчо Каргов, потпишаа Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за соработка и взаемна помош по царински прашања. Склучувањето на Спогодбата е надополнување на меѓународните активности на Царинската управа во насока на создавање на услови за поуспешно царинско работење, преку операционализирање на билатералните спогодби склучени на ниво на Влади. Водејќи се од фактот дека кршењето на царинското законодавство е штетно по економските, фискалните, комерцијалните и социјалните интереси на земјата, како и од потребата за заштита на легалните трговски интереси, склучувањето на Спогодбата создава предуслови за заедничко дејствување во борбата против недозволената трговија со опојни droги, фалсификувани, акцизни и друг вид на стоки. Со склучувањето на Спогодбата се создаваат услови за взаемна размена на информации и податоци, пружање на стручна, научна и техничка помош за достигнување на повисоки стандарди, кои би обезбедиле развој на царинското работење и олеснување на трговијата и стоковата размена.

На 27.07.2007 година Директорот на Царинската управа на Република Македонија и Заменик шефот на мисија на САД, потпишаа договор за донација на техничка опрема за Царинската управа од Владата на САД. Донацијата се состои од софистицирана опрема за детекција и идентификација на радијација, специјализирани детектори за откривање на криумчарење, метал детектори, огледала за инспекција и рачен алат, со кои ќе се овозможи поголема ефикасност во откривање на недозволена и опасна стока. Цел на донацијата е зголемување на капацитетите и техничката опременост на Царинската управа за заштита на државната граница од можни закани од тероризам, организиран криминал и недозволена трговија. Со зголемување на капацитетот за борба против криумчарењето на опасни материјали, оваа опрема ја зајакнува способноста на Македонија да ги одржува своите граници безбедни и сигурни. Опремата е донација од Канцеларијата за контрола на извозот и гранична безбедност на Амбасадата на САД.